ДО: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко Брашнаров,
ул. Македонија, бр. 38
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 13.01.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 2 | | |


…гада бр. … 4, Скопје-…

…ча ден 13.01.2025 година согласно членовите 2, 3 и 4 од Закон за постапување по претставки и предлози до горенаведената Агенција, ја поднесуваат следната:

## П Р Е Т С Т А В К А

Претсваката се поднесува поради непрофесионално однесување на уредниците на Телевизија 24. Истата се поднесува против новинари и уредници на Телевизија 24, поради прекршување од нивна страна на професионалните стандарди и етика во медиумите. Имено јас се јавив на телефонскиот број објавен на веб страна на Телевизија 24, со кој ги повикуваат граѓаните да се јават на број: … на кој број е истакнато натпис "дека ние се јавуваме а тие излегуваат на терен". Јас пред три месеци им се јавив на тој број и од таму разговарав со лицето … кој ме праша каков проблем конкретно имаме, за кој барам известување односно медиумски да го покријат, на што јас во разговор од околу 20 минути му образложив каков проблем имаме и тоа со станбената зграда во која живеам во која протекува кровот а зградата се наоѓа во незавидна положба поради сторени неколку кривични дела со фалсификување на потписи на неколку станари за да се избрише заедницата на сопственици заедно и со соучеснииштво на тој што сега управува односно повеќе неуправува отколку што управува со зграда и барав од новинарите ако веќе излегуваат на терен за да снимат моја изјава, да ја прашаат и другата страна што има во своја одбрана да изјава на моите тврдење и тука се заврши разговорот со новинарот од ТВ 24 кој рече да види со уредниците и дека дополнително ќе ме контактираат. Потоа истото лице … од ТВ 24, самиот ме побара телефонски на ден 31.10.2024 година или некаде околу две недели по првичниот наш разговори и побара повторно да му образложувам зошто барам да излезат на терен за да дадам изјава и јас повторно му го образложив истото на што тој ми рече ајде утре на ден 01.11.2024 година да дојдат на лице место да ми земат изјава, но во ист момент по сугестија на неговите колеги ми го одложи давањето на изјавата за неопределено време. Наредните денови бидејќи веќе немавме контакт на два пати лично ги побарав на што од таму ми одговорија дека уредниците сега не биле заинтересирани за да ми земат изјава, на што јас побарав објаснување а истите немаа никакво објаснување, на што јас ги прашав дали веќе се испазаривте со другата страна против која сакам да дадам изјава, на тоа немаше дециден ниту позитивен ниту негативен одговор и тука заврши разговорот. Затоа мојата претставка ја поднесувам поради неетичко постапување на новинарите и уредниците во ТВ 24, бидејќи на двапати се интересираат да им кажам за што всушност се работи, за да тие информации воопшто не ги земат во обзир или да ги искористат евентуално да тргуваат со истите спрема субјектот против кој имам поплака и против кој би изјавил многу нешта доколку ми беше пред камера земена изјавата.

Исто така прашувам и барам одговор од вас дали во Република Северна Македонија има сеуште храбри и професионални новинари кои не тргуваат со влијанија, за да може да направат репортажа или земат изјава со која би се обелоденило голем број на криминални деанија секако со валидни докази земени на законски и правилен начин, кои се вршат спрема мене од страна на голем број на државни институции, министерства, локални самоуправи, нотари, извршители, фирми со монополска положба на пазарот, разни регулаторни тела и агенции или пак сите новинари, новинарски куќи се однесуваат сервилно спрема властите и само нив им служат и им служат на оние кои ќе им дадат повеќе пари. Сакам да ми одговорите на ова мое прашање бидејќи сум пишувал повеќепати преку праќање на електронски пораки до релевантни медиуми и никој не се одважувил да ме контактира, но секако за сето тоа што сакаат медиумите да биде премолчено ќе го изнесам преку упатување на писма до сите позначајни Амбасади на странски државиво во РСМ а тука ќе бидете таргетирани и вие како новинари во својство на пиони на власти, не мора да ми се заблагодарувате на комплиментите упатени до вас.

Воедно претставка поднесувам и против главниот уредник на Редакција на Фокус … која исто така пред два месеци ме контактираше на мое барање за да извести за одреден проблем и беше телефонски закажан разговор со неа во седиштетео на Редакцијата на Фокус но истата го одложи со изговор за болест на нејзиното дете, по неколу денови ја побарав на фејсбук за да договориме нов состанок но таа одбива од тогаш да комуницира со тоа се докажува и нејзината неопрофесионалност.

Согласно Закон за постапување по претставки и предлози должни сте на мојата претставка да дадете одговор во рок од 30 дена од денот на доставата на оваа претставка.

Во Скопје, 13.01.2025 година

Подносител